
Позитивни примери и добри практики за транспарентно управување на локално ниво

Марјан Келемен



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Содржина

Вовед 3
Краток осврт на проектот 4
Методологија 5
Општина Берово – туристичка такса 6
Општина Берово – месечни наративни извештаи 8
Општина Кавадарци – канцеларија за соработка со граѓанскиот сектор 10
Општина Кавадарци – Мој општинар 11
Меѓународни најдобри практики 14
Иницијатива за паметни градови - Smart city initiatives 14
Индекс на паметни градови 17
Зелени општини Словенија – Slovenia Green 19
Најдобри практики комуникација со граѓаните Париз 21
Сараево смарт иницијатива 22

Ова издание е изработено во рамки на проектот Мрежа FISCAST – Подобрување на дијалогот за поголема финансиска транспарентност на општините, со фокус на парафискалните давачки

Имплементатори на проектот се Агора, Фајнанс Тинк, Квантум Прима и ЛАГ Агро Лидер

Проектот е финансиран од Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија

Креативноста е зараза со којашто е пожелно да ги заразите луѓето

Алберт Ајнштајн

Вовед

Работењето на Единиците на локалната самоуправа е регулирано со позитивните законски норми, правилници и протоколи за работа. Актуелните норми, правила, протоколи ја креираат основната рамка за постапување по предметите. Општините во целост се придржуваат на пропишаните постапки и начини на работа, ги почитуваат законските норми и предвидените протоколи за работа. Но сепак одредени општини се поуспешни од другите, некои општини имаат подобри резултати од другите. Тоа се должи на начинот на организација на работата и креативноста на административците и градоначалниците на општините. Не случајно овој документ го започнавме со мислата на Алберт Ајншатјн поврзана со креативноста. Доколку се изврши подлабока анализа во секоја општина ќе се утврдат голем број на позитивни практики, начини на коишто се решаваат одредени проблеми и предизвици. Позитивни примери има во секоја општина, а нивното споделување значи признание за добрата практика од една страна, но и можност останатите да ја применат истата и со тоа да ја зголемат продуктивноста и да ја подобрат услугата кон граѓаните од друга страна. Некогаш и минималните подобрувања на начинот на работа и добрата организација може да дадат извонредни резултати. Затоа нивното споделување е многу значајно и потребно е често да се практикува. Меѓуопштинската соработка и комуникација се клучни за размена на искуства и добри практики, потребно е интензивирање на овој тип на активности исто како и интерсекторското поврзување на секторите и одделенијата во рамките на општините. Општините на граѓаните вкупно нудат околу 100-тина услуги. Нивното целосно детализирање нуди можност за стандардизација на услугите и воведување и усвојување на низа добри практики. Преку Проектот се изврши увид во работните пракси на општините и се забележаа низа добри практики. Преку овој документ ги претставуваме и препорачуваме дел од тие добри практики. Се надеваме дека општините сериозно ќе ги разберат овие препораки и дека ќе имплементираат дел од нив. Уште повеќе би сакале да ја поттикнеме и да ја препорачаме соработката и директната размена на искуства помеѓу општините и службениците. Проектот е секогаш отворен за соработка со општините и се надеваме дека преку овој документ како и преку сите останати активности коишто се спроведени, ќе успееме да ја подобриме работата на единиците на локална самоуправа и ќе дадеме скромен придонес во подобрувањето на општинските услуги.

Краток осврт на проектот

Мрежа FISCAST – Подобрување на дијалогот за поголема финансиска транспарентност на општините, со фокус на парафискалните давачки е проект финансиран од Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија, а е спроведуван од Finance Think – Институт за економски истражувања, Скопје, АГОРА – Центар за промоција на граѓански вредности, Скопје, Квантум Прима – Здружение за економски и политички истражувања и анализи, Кавадарци, и ЛАГ Агро Лидер – Здружение за рурален развој, Кривогаштани.

Проектот се спроведува во периодот јануари 2021 – јуни 2023 и има за цел да придонесе кон подобрен дијалог и учество на локалните засегнати страни во процесот на локално буџетирање и да се зајакне мрежата ФИСКАСТ за следење на работата и партнерството со локалните засегнати страни за финансиска транспарентност на ЕЛС, со фокус на парафискалните давачки. Специфично проектот треба да води кон:

- *Зголемување на капацитетите на локалните граѓански организации и мрежата FISCAST да станат активни чинители во процесите на финансиска транспарентност на општините;*
- *Зголемена транспарентност во врска со буџетите на општините и парафискалните давачки;*
- *Да се воспостави политички дијалог меѓу различни чинители, базиран на докази, за мониторинг на финасиската транспарентност и градење на ефективни политики на локално ниво;*
- *Да се зголеми јавната свест за придобивките кои можат да ги имаат граѓаните и компаниите од поголема транспарентност, отчетност и одржливост.*

Методологија

Методологијата на подготовка на овој документ опфати следење на повеќе сегменти кои се однесуваат на работата на единиците на локална самоуправа. Изработката на документот се спроведе преку прибирање на податоци и информации од ***1) директни извори*** - организирани состаноци со сите општини кои беа дел од проектот и спроведени две анкети со клучните чинители и ***2) индиректни извори*** - преку канцелариско истражување, преку собирање на информации и анализа на пристигнати одговори од одговорените прашалници.

Во текот на месец март и април 2022 година се реализираше теренска посета на сите општини коишто се дел од проектот. На работните средби во вклучените општини се анализираше работењето на единиците на локална самоуправа и начините на кои службениците се справуваат со одредени предизвици поврзани со транспарентноста, фискалните и парафискалните давачки, но и со сите останати проблеми кои произлегуваат од секојдневното работење.

Со цел да се соберат податоци и да се анализираат мислењата на општинските службеници, но и на корисниците на тие услуги односно граѓаните - физичките и правните лица, беа креирани два прашалника. За утврдување на самоперцепцијата на општините за нивото на нивната транспарентност и отвореност кон граѓаните како и за клучните предизвици со кои се соочуваат при работењето, подготвен беше прашалник наменет за партнер општините. За утврдување на сликата којашто општините ја оставаат кај граѓаните подготвен беше втор прашалник којшто беше наменет за работните групи кои се дел од проектот.

Како резултат на состаноците со општините и анализата на двата прашалници како и канцелариската анализа на практики за работењето на единиците на локална самоуправа, се подготви Протокол за соработка помеѓу општините и граѓаните. Целта на овој протокол е преку него граѓаните да можат да вршат мониторинг на работата на локалната самоуправа од повеќе различни аспекти.

Исто така се изврши анализа на работата на локалните самоуправи во регионот и пошироко. При посетата на општините се забележаа низа слабости, но и низа од добри практики коишто се дел од работењето на поедини единици на локалната самоуправа, а кои практики можат да се пренесат кај останатите општини. Овој документ се осврнува токму на дел од тие практики и има за цел да го истакне позитивниот ефект од начинот на работата кај одредени единици на локалната самоуправа, но исто така да предложи усвојување на конкретните практики секаде кадешто тоа е остварливо. Овие практики беа презентирани на еднодневната работилница настан одржан на 14.10.2022 во Скопје на којшто присуствуваа претставници на најголем дел од ЕЛС кои беа дел од проектот.

Самото истражување беше прилично обемно и плодно кога станува збор за иновативни практики. Иако во речиси секоја општина наиадовме на позитивни примери и иновативни

практики коишто треба да се потенцираат и разменат, сепак во овој документ ќе дадеме осврт само на оние практики коишто најдобро кореспондираат со основните цели на проектот.

Општина Берово – користење на дел од туристичката такса

Општина Берово има практика дел од средствата коишто се собираат од туристичката такса да ги намени за реализација на проекти од областа на туризмот, преку отворен повик за финансирање на здруженија на граѓани.
Оваа општина има реализирано мерка којашто е позитивен пример за тоа како да се интегирараат бизнис секторот, единицата на локална самоуправа и граѓанскиот сектор. Општината има остварено интензивна соработка со бизнис секторот и со граѓанскиот сектор. Исто така општината има изградено позитивна практика при донесувањето на буџетот да се организираат јавни расправи и форумски сесии. На една од тие расправи од претставник на бизнис секторот од областа на туризмот е добиена сугестија, средствата коишто во општинскиот буџет пристигнуваат од туристичката такса да се искористат за развој на туризмот во општината. Општината донесува одлука на Совет со која се овластува градоначалникот и одделението за ЛЕР во општината да распишат јавен повик за доделување на средствата добиени од туристичката такса на НВО и ЗГ кои работат во областа на туризмот. Покрај тоа треба да се напомене дека идејата е добиена на јавна расправа организирана од страна на општината, што укажува на тоа дека општината е отворена за сугестии, ги прифаќа и постапува по истите.
Средствата се предвидени во буџетот на општината во точка **2.3 Финансирање на локални микро проекти.** Финансиска поддршка за поттикнување на развојот на туризмот преку ЈАВЕН ПОВИК за предлог проекти. Општината распишува отворен повик којшто е наменет за реализација на проекти од областа на туризмот. На повикот можат да конкурираат здруженија на граѓани кои преку проекти би ги подобриле условите за туризам во општината и на тој начин ќе придонесат и за развојот на општината. Критериумите, предусловите, процедурите и постапките кои треба да се остварат се објавуваат по пат на јавен повик за финансирање микропроекти согласно стратегијата за развој на туризмот со вклучување на малите и средните претпријатија (МСП), граѓанските организации и асоцијации (ГО) во областа на туризмот за 2022 година.
Финансиската поддршка е наменета за реализација на проекти од областа на културата, организација на забавни, спортски, гастрономски и еко манифестации, најразлични туристички проекти, како и форуми со коишто ќе се обезбеди развој на нови туристички производи, зголемување и поттикнување на туристичката понуда на Општина Берово но и на целиот Малешевски крај. Во 2022 година се финансирани 3 проекти во вкупна вредност од 353.337 денари.

Општина Берово Финансирани проекти преку програмата за 2022				
Р.Бр	***Доставен предлог проект/апликант***	***Име на проектот***	***Побарани Средства***	***Предложени средства***
1.	***Здружение Владимирски Илинденски средби (ЗВИС)***	***Зачувување на Илинденските традиции и одбележување на 10 годишнина од одржување на Владимирските Илинденски средби***	***310.000,00***	***100.000,00 ден.***
2.	***Здружение на планински спортови, туризам и млади „Патфајндерс“***	***Аутдор Фестивал „Повикот на Малешевијата 2022***	***300.000,00***	***100.000,00 ден.***
3.	***Планинарско спортски клуб „Малешевска Корија“***	***ФАМ ТУРА за тур оператори и медиуми***	***153.337,00***	***153.337,00 ден.***
Општина Берово Финансирани проекти преку програмата за 2022				

Табела.1 Финансирани проекти преку програмата за 2022 година

Оваа одлука е одлично прифатена од локалниот бизнис сектор и од граѓанскиот сектор и истата ја поттикнува нивна меѓусебна соработка и предизвикува уште поголема кохезија со единицата на локалната самоуправа. Се очекува ефектите од оваа одлука да бидат повеќекратни и позитивно да влијаат врз развојот на туризмот на општината. Во оваа одлука има неколку позитивни примери, организацијата на расправи за подготовка на буџетот, добивање на сугестија од страна на бизнис секторот, нејзино усвојување од страна на општината, реализација на предлогот – сите овие чекори од реализацијата на идејата се дел од добрите практики и како такви треба да се применуваат во сите општини. Самата усвоена практика на трошење на средствата добиени преку туристичка такса како позитивна практика може да се примени во сите туристички региони. Оваа практика може да се усвои и да се модифицира на различни начини.

Преку оваа активност се врши зголемувањето на капацитетите на локалните граѓански организации да станат активни чинители во процесите на финансиска транспарентност на општините што е една од основните цели на проектот, токму затоа оваа практика ја препознаваме и ја препорачуваме да се реализира секаде кадешто може.

Општина Берово – месечни наративни извештаи

Следењето на работата на ЕЛС се состои од 4 поединечни, но меѓусебно поврзани елементи: следење на капацитетите за планирање и развој, за управување и буџет, за преземање на одговорност и на крај транспарентноста т.е јавноста во работењето со стандарди и критериуми коишто треба да се следат и проценат.

Буџетската транспарентност и отчетност на локално ниво е исклучително значајна. Можностите за олеснување на овие процеси кои ги нуди современата технологија во време на дигитализација се огромни. Многу е лесно сите потребни документи да се класифицираат и да станат јавно достапни за граѓаните. Преку веб страниците и постоечките медиуми, пласирањето на информациите е едноставно, навремено и без дополнителни трошоци. ЕЛС можат да ги дистрибуираат документите вклучувајќи ги и буџетските информации лесно и брзо до сите заинтересирани граѓани. Дел од информациите коишто треба да се објават се законска обврска на општините, но формата којашто е задолжителна за објавување е потешко разбирлива за сите граѓани. Таков е примерот со општинскиот буџет и со финансиските извештаи.

Општинскиот буџет е прилично комплексен и сложен документ и е тешко разбирлив за обичните граѓани. Во него приходите и расходите се прикажани со кумулативни бројки ,а со цел да им го доближат на граѓаните и да го направат појасен и поразбирлив - општините изготвуваат т.н граѓански буџет документ во којшто буџетот е напишан на начин којшто е разбирлив за сите. Граѓанскиот буџет се изготвува во периодот кога се донесува буџетот и преку оваа форма буџетот станува појасен и подостапен за граѓаните. Преку него граѓаните имаат можност да направат увид и да дадат свои предлози и сугестии за работењето на единиците на локална самоуправа. Изготвувањето на граѓански буџет е обврска на секоја општина.

Согласно Член 90 од Законот за буџети - Известување за извршување на буџетот, Став 2- Градоначалникот на веб страницата на општината објавува месечен извештај за извршување на буџетот на општината во рок од еден месец од крајот на месецот/тримесечјето.

Поаѓајќи од премисата дека локалните власти треба да обезбедат целосно транспарентни и сеопфатни и разбирливи информации на јавноста, Општина Берово оди еден чекор понатаму и прави ***Месечни наративни извештаи***[1] во кои на наједноставен начин се претставени сите приходи и сите расходи на општината. Месечниот Извештај за реализираните приходи и расходи од Буџетот на Општина Берово се наоѓа на веб страницата на општината и е лесно достапен. Се објавува секој месец и е одличен пример за транспарентност и јавност во работењето на општината.

Преку увид во овие извештаи физичките и правните лица имаат можност да ги видат сите приходи и сите расходи на едно место. Имаат можност да видат нпр. колку средствата кои

[1] https://berovo.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/Izveshtaj-za-realiziranite-prihodi-i-rashodi-od-Budhetot-na-Opshtina-Berovo-za-mesets-septemvri-2022-godina.pdf

ги уплатиле на општината учествувале во вкупните приходи на општината, да видат за која намена се потрошиле тие средства, односно што општината набавила во тековниот месец. Колку средства се потрошени за дневници за плати и придонеси за вработените во општината, колку е потрошено за службени патувања на градоначалникот. Колку е исплатено на име на експропријација и сл.

Овој начин на работа е одлична можност за обезбедување на целосна транспарентност и отчетност на општината. Уште позначајно е тоа што на овој начин се добива целосен увид во парафискалните давачки на општините, нивната структура и уште позначајно нивното значење за работењето на општината.

Месечен наративен извештај на Општина Берово – ПРИХОДИ	
ВИД НА ПРИХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД	**ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ**
Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 4% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со општествен капитал	**71.662 денари**
Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 4% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со приватен капитал	**177.335 денари**
100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста	**10.478 денари**
Месечен наративен извештај Општина Берово - Приходи	

Табела 2. Дел од наративниот месечен извештај - приходи за месец Септември 2022

Месечен Наративен извештај на Општина Берово – РАСХОДИ	
ВИД НА РАСХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД	**ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ**
За плати на вработените во општината, плати за дел од вработените во Домот за стари лица, Домот на култура и вработени во ТППЕ	**2.089.094 денари**
Исплати кон физички лица од постојаната резерва по основ на решенија донесени од страна на Советот на општината	**40.000 денари**
Исплата кон физичко лице од тековната резерва по основ на решение донесено од страна на Градоначалникот	**2.000 денари**
За патувања во земјата на Градоначалникот и администрацијата исплатени се дневници и патни расход	**14.350 денари**
Месечен наративен извештај Општина Берово - Приходи	

Табела 3. Дел од Наративниот извештај - расходи за месец Септември 2022

Општина Берово оваа практика ја спроведува од 01.01.2020 година. Оваа практика е одлично прифатена од локалниот бизнис сектор и од граѓанскиот сектор и истата како позитивна практика може да се примени во сите општини.

*Фискалната транспарентност овозможува поголема отчетност кон физичките и правните лица. Поголемата фискална транспарентност на јавниот сектор е значајна како за јавниот сектор така и за граѓаните и за приватниот сектор - даночните обврзници. Една од целите на овој проект е токму тоа, „**Зголемена транспарентност во врска со буџетите на општините и парафискалните давачки“** односно да ги поттикне ваквите практики и да овозможи зголемена транспарентност. Токму затоа оваа практика е препознаена како најдобра практика и ја препорачуваме за усвојување на сите општини.*

Општина Кавадарци – канцеларија за соработка со граѓанскиот сектор

Отвореноста на општините, нивната транспарентност и отчетност се гледа и преку овозможување на механизми и пракси за директно вклучување на граѓаните и граѓанските организации во креирањето на локални политики.

Со цел да ја интензивира работата и соработката со граѓаните и граѓанските организации, Општина Кавадарци има отворено канцеларија за соработка со граѓанскиот сектор и има назначено лице за комуникација со НВО секторот. Оваа канцеларија е значајна алка за остварување на комуникација помеѓу граѓанските организации и единицата за локална самоуправа. Преку неа се овозможува воспоставување на дијалог меѓу различните чинители, координација на активностите на активните граѓански организации, нивно вклучување во работењето на општината и добивање на силен инпут од граѓанскиот сектор. Канцеларијата ги има мапирано сите граѓански организации и има креирано *листа* [2] *на невладини организации во општината*. Оваа листа овозможува интензивна комуникација и активирање на граѓанскиот сектор при процесот на градење на ефективни политики на локално ниво.

Воспоставениот дијалог меѓу различните чинители е базиран на меѓусебна доверба, транспарентност и отчетност. Граѓанските организации и општината имаат редовни состаноци на коишто се разменуваат мислења и дискутираат можностите за соработка помеѓу општината и ГО но и меѓусебна соработка и координација на активностите. Овој инпут е особено значаен во време на креирањето на буџетот, кога граѓанските организации учествуваат со свои предлози и сугестии.

Исто така канцеларијата ги нуди своите капацитети на организациите коишто имаат потреба или ограничени ресурси, почнувајќи од канцелариски услуги, консултации и пружање стручна помош.

Општината секоја година преку отворен повик доделува средства коишто се наменети за невладиниот сектор. Овие средства преку повикот се достапни за граѓанските организации.

[2] https://kavadarci.gov.mk/%d0%bd%d0%b2o-%d0%be%d1%80%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b7%d0%b0%d1%86%d0%b8%d0%b8-%d0%b2%d0%be-%d0%ba%d0%b0%d0%b2%d0%b0%d0%b4%d0%b0%d1%80%d1%86%d0%b8/#more-7890

На повикот можат да конкурираат здруженија на граѓани кои преку проекти би ги подобриле условите за живот во општината согласно своите статути и на тој начин ќе придонесат и за развојот на општината. Критериумите, предусловите, процедурите и постапките кои треба да се остварат се објавуваат по пат на јавен повик за финансирање проекти. Канцеларијата ги информира здруженијата и активно комуницира со нив со цел да им ја објасни и олесни постапката за конкурирање.

Покрај тоа општината често информира за активностите на невладините организации преку својата веб страница и ги помага нивните активности на најразличен начин.

Невладиниот сектор пак од друга страна активно учествува во проектите на општината, може да се јави како партнер при аплицирање на отворени повици, помага при креирањето на стратегиски документи, учествува на форумски сесии и работилници кога се креира буџетот на општината, дава предлози и сугестии за подобрување на животот на граѓаните. Оваа синергија позитивно се одразува на секое поле во општината и нуди дополнителен квалитет на живеењето на граѓаните и на бизнис заедницата.

Зајакнувањето на невладиниот сектор е од исклучителна важност за општината. Преку активното учество на здруженијата и граѓаните во работата на општината се менуваат општествените текови и се создава позитивна клима за живот, но и за стопанисување во општината.

Канцеларијата е одлично прифатена од локалниот НВО сектор, ефектите од нејзиното постоење се јасни и видливи како за граѓанскиот сектор така и за единицата на локалната самоуправа. Како позитивна практика може да се примени во сите општини.

Една од основните цели на проектот е да се воспостави политички дијалог меѓу различните чинители, базиран на докази, за мониторинг на финасиската транспарентност и градење на ефективни политики на локално ниво, токму затоа оваа практика ја препознаваме и ја препорачуваме да се реализира низ сите македонски општини.

Општина Кавадарци – Мој општинар

Можностите коишто процесот на дигитализација ги нуди за зголемување на транспарентноста и отчетноста се огромни. Општина Кавадарци е една од најтранспарентните општини благодарение на активната и интензивна работа на ова поле. Многубројните дигитални алатки, кол центарот, социјалните медиуми, весникот кој се печати и се дистрибуира бесплатно, секојдневните комуникации преку локалните медиуми, се одлична основа за транспарентност и отчетност. Меѓутоа општината има увидено дека и покрај сите овие алатки за да се зголеми јавната свест и да се допре до проблемите на граѓаните најзначаен за стекнување на доверба е личниот контакт со вработените.

Токму заради тоа Општина Кавадарци во 2019 година го промовираше проектот ***„Мој општинар“.*** Се работи за проект со којшто се промовира нов начин на комуникација помеѓу единицата за локална самоуправа и граѓаните. Самиот процес е проактивен, нуди голема интеракција и е надополнување на секојдневната работа на месните заедници. За потребите на овој проект Општина Кавадарци е поделен на реони. Секој реон има задолжено службеник - општинар кој секојдневно е излезен на терен и прима забелешки лично од граѓаните за проблемите што може да се решаваат, а се во надлежност на локалната самоуправа. Општинарот работи 5 дена во неделата, од понеделник до петок.

Секој ден на крајот од работното време општинарот е должен да достави извештај од тековниот ден со сите информации и забелешки кај претпоставеното лице. Еднаш или двапати во неделата, во зависност од потребата на граѓаните во даден реон, општинарот работи и втора смена. Еден општинар е задолжен за селата, ги посетува по претходно утврден распоред.

На официјалната интернет-страница на Општина Кавадарци има посебен дел на ***„Мој општинар“,*** каде што има преглед на секој реон со дадени улици и одговорен службеник - општинар, како и контакт телефон од сите службеници - општинари.

Вработените на позиција општинар имаат лесно воочливи униформи со цел граѓаните лесно да ги препознаваат, да им приоѓаат и им ги кажуваат своите предлози сугестии и проблеми. Практично секој од овие вработени претставува подвижна канцеларија на општината, граѓаните имаат воспоставено пријателски однос и доверба базирана на успешно решени предмети. Овие службеници имаат широки познавања за работата на сите сектори во општината, затоа што граѓаните им поставуваат прашања за сите сегменти од работата на општината.



Проектот ***„Мој општинар“*** [3] има цел да ги открие проблемите на граѓаните од терен и потоа да ги решава во рамките на овластувањето на надлежностите на општината во согласност со законите и статутот на општината. Идејата е граѓаните да може лесно и брзо да дојдат во контакт со службите на општината, а на тој начин и до решавање на проблемите со кои се соочуваат секојдневно. Со реализирање на овој проект се олеснуваат и се поедноставуваат административните процедури за граѓаните да го пријават својот проблем. Односно, се создава секојдневна поврзаност на граѓаните со службите на локалната самоуправа. Од друга страна општинарите им ја олеснуваат работата и на своите колеги со тоа што ги запознаваат граѓаните за новините од работата на општината но и правилата и прописите коишто треба да се почитуваат од секој аспект на работењето на ЕЛС.

При креирањето на буџетот Градоначалникот редовно остварува состаноци со граѓаните во сите урбани и месни заедници, на тие состаноци задолжително се присутни и претставниците на ***„Мој општинар“*** кои ги сортираат сите проблеми искажани во текот на годината за конкретната заедница, а потоа се внесуваат во буџетот на општината и се реализираат во текот на годината.

На овој начин се зголемува јавната свест за придобивките кои можат да ги имаат граѓаните, а општината ја зголемува својата транспарентност, отчетност и одржливост. Една од основните цели на проектот е токму тоа и затоа оваа практика ја препознаваме и ја препорачуваме да се реализира низ сите македонски општини. Во неколку други општини кои исто така се партнери на проектот во тек е имплементирање на оваа практика.

[3] https://kavadarci.gov.mk/moj-opshtinar/

Меѓународни добри практики

Иницијатива за паметни градови - Smart city initiatives

Паметен град е место каде традиционалните услуги коишто градот ги нуди, се направени поефикасни преку користење на дигитални решенија. Користењето на дигиталните технологии во паметните градови доведува до подобра искористеност на ресурсите и помала загаденост. Тоа значи попаметни урбани транспортни мрежи, модернизирани објекти за водоснабдување, отстранување на отпадот и рециклирање, поефикасни начини за осветлување, загревање и ладење на зградите. Овие градови го користат потенцијалот на технологиите и иновациите, заедно со другите ресурси со цел поефикасно да го промовираат одржливиот развој и да го подобрат квалитетот на живот на своите граѓани. Паметните градови се релативно нов модел, кој значи дигитализирани и поврзани градови кои имаат за цел да ги оптимизираат ресурсите, да придонесат кон здрава и одржлива околина и да го унапредат урбаното живеење. Тие се базирани на платформа на која може да се додаваат нови решенија и апликации. Начинот на кој еден град станува паметен е преку менување и подобрување на целосниот еко-систем, од институционалната, преку физичката и социјалната, па сè до економската инфраструктура. Паметните градови одлуките ги носат врз основа комуникација со граѓаните и врз основа на анализа на податоци, мерење на реални параметри и потреби на граѓаните. На тој начин градот ја креира картата на услуги и ја проектира инфраструктурата согласно потребите на граѓаните. Во пракса граѓаните ги креираат паметните градови, односно отворените градови работат да ги задоволат потребите на своите граѓани осознаени преку интензивен дијалог. Паметните градови изобилуваат со катчиња и простор во којшто луѓето сакаат да престојуваат. Паметните градови се базирани на анализа на податоци и активен дијалог за креирање на политиките на градот помеѓу менаџментот на градот и неговите жители. Колку повеќе податоци има и колку е поинтензивна комуникацијата помеѓу градот и граѓаните ефектите се поголеми. Наједноставен пример за тоа како функционираат паметните градови е преку анализа на податоците за старосната структура. Имено кога градот има податоци за старосната структура на населението може лесно да донесе одлука какви манифестации можат да се поддржат во одредени делови на градот, дали детски претстави и фестивали или пензионерски игри и дружења или каде треба да се градат детски игралишта и градинки, каде треба да се градат спортски игралишта, средни училишта и факултети, а каде шеталишта и пензионерски домови. Анализата на податоците за загаденост на воздухот ни укажува каде треба да се интервенира преку мерки за намалување на загаденоста, пошумување, зазеленување, редуцирање на сообраќајот, промена во деталните урбанистички планови. Во паметните градови може да се планира движењето, преку постоење на различни мапи и апликации може да се има увид за движењето на јавниот транспорт.

Како еден град може да се прогласи за паметен град, што еден град треба да направи за да може да се квалификува како паметен град.

Доколку ги анализираме паметните градови како заеднички може да ги издвоиме следниве карактеристики.

1. Паметна енергија

Зградите - станбени и комерцијални, треба да бидат енергетски ефикасни и да користат помалку енергија, а употребената енергија да се анализира за да се соберат релевантни информации. Во домовите се инсталирани паметни броила, на улиците има паметни улични светилки, системот за контрола на потрошувачката придонесува за подобро управување со мрежата, го оптимизира производството и дистрибуцијата на енергија. Интелигентната мрежа го подобрува откривањето на дефекти, собирањето податоци, превенција на катастрофи и сл.

2. Паметни податоци

Паметниот град собира огромни количини на податоци што треба брзо да се анализираат за да им обезбеди корисни информации на жителите. Градот располага со различни портали за отворени податоци кои се објавуваат. Овие податоци се јавно достапни и секој има пристап до нив со цел да се служи за анализа која би идентификувала идни модели за соработка, креирање бизнис, социјални решенија и сл.

3. Паметен транспорт

Паметните градови настојуваат да го подобрат и усовршат јавниот транспорт, а да го намалат сообраќајот на возилата, на тој начин се растеретува сообраќајната мрежа, се намалува загадувањето, се намалуваат сообраќајните несреќи и се олеснува транспортот на стоки и луѓе. Ќе ги намали сообраќајните несреќи. Освен тоа се намалува сообраќајниот метеж и се промовира поздрав начин на живот.

4. Паметна инфраструктура

Анализата на мноштвото податоци овозможува проактивно одржување и подобро планирање за иднината. Интелигентната инфраструктура бара интеграција на неколку технологии како што се IoT, Big Data, итн. Собраните податоци ќе служат за анализа на потребите на граѓаните, начинот на нивно однесување и прилагодување на услугите кои градот ги нуди односно идни административни промени.

5. Поврзани уреди

IoT[4] уредите се клучен елемент на паметниот град. Интегрираните сензори во овие уреди собираат корисни податоци кои може да се анализираат за да се добијат релевантни информации. Слободната размена на информации помеѓу сложените урбани системи ќе се управува во реално време, а интеграцијата на анализата на податоците ќе ги минимизира несреќите и несаканите последици.

6. Поврзана мобилност

За да се изгради паметен град неопходно е да се обезбеди непречен трансфер на податоците низ различни општински и административни системи. Податоците треба слободно да течат помеѓу системите, посветувајќи значително внимание на прашањата за интелектуална сопственост, безбедност и заштита на приватноста.

[4] Интернетот на нештата (IoT) ја опишува мрежата на физички објекти - "работи"- кои се вградени со сензори, софтвер и други технологии кои имаат за цел поврзување и размена на податоци со други уреди и системи преку интернет. Овие уреди се движат од обични предмети за домаќинство до софистицирани индустриски алатки. Со повеќе од 7 милијарди поврзани IoT уреди денес, експертите очекуваат овој број да се зголеми на 22 милијарди до 2025 година.

Индекс на паметни градови [5]

Со цел да се увиди комплексноста на материјата и нејзиниот обем во продолжение на овој текст правиме осврт на Индексот на паметни градови, се работи за практика во која се анализираат огромен број на параметри во 31 најголеми светски метрополи. Идејата е преку увид во оваа практика да се прикаже што се треба да се постигне за еден град да може да се нарече паметен град.

Индекс на паметни градови			
Иновативни услуги	Урбана интелигенција	Урбана одржливост	Урбана отвореност
Инфра интеграција	Урбана иновација	Партнерство и соработка	Паметно управување со градот
			Индекс на паметни градови анализа

Табела 4. Индекс на паметни градови анализа

Иновативни услуги

Во склоп на овој дел од анализата се евалуира „Иновативноста на услугите“ кај градовите преку мерење колку вакви услуги секој од селектираните градови им нуди на своите граѓани. Се анализира палетата на услуги, нивната различност но и нивната интероперабилност и меѓусебната поврзаност на услугите во 11 различни категории: транспорт, енергија и животна средина, здравствени и социјални услуги, превенција од криминал и заштита од елементарни непогоди, образование, демографија, логистика, работна сила и вработување, урбан развој и управување со објекти, култура и туризам и градска администрација.

Урбана интелигенција

Во овој сегмент се анализира колку градовите се користат со придобивките на 4ИР - четврта индустриска револуција – термин којшто се користи да ги концептуализира брзите промени во технологијата, индустриите и општествените обрасци и процеси во 21 век поради зголемената меѓусебна поврзаност и паметната автоматизација. Помеѓу 2019 и 2022 година, 72% од инфраструктурните услуги, 58% од проектите за паметни градови и 18% од услугите базирани на апликации или веб, користеле 4IR технологии за развој на паметен град. Изгледите за технолошки иновации преку конвергенција на интелигентната технологија ветуваат голем степен на дигитална и зелена трансформација.

[5] https://smartcitiesindex.org/home00

Урбана одржливост

Овој сегмент од акцентот го става на животната средина и на поширокото општествено добро, како и на ефективноста на управувањето при дизајнирање проекти и инвестирање. Проектите за паметни градови предводени од националните и од локалните власти неизбежно го имаат за приоритет постигнувањето јаглеродна неутралност.

Урбаната отвореност

Ова е еден од клучните фактори што ја одредуваат конкурентноста на градот. Отвореният град е иновативен, обично има форма на еко-систем, во кој канцеларииите на градските власти работат заедно со големите, средните и малите претпријатија, како и со младите претприемачки компании. Овој сегмент го мери степенот на отвореност на градовите според два параметри: 1. мерка за отвореност на урбаните податоци и 2. мерка за граѓанско учество, информирана од концептот на отворени иновации.

Инфра интеграција

Инфраструктурата на паметниот град е агрегација на 4IR технологијата, која ги поврзува физичката урбана инфраструктура, како што се улични светилки и згради, и нематеријалните дигитални средства како мрежи, апликации и податоци на едно место. Интеграцијата на овие технологии на една платформа поттикнува иновација во услугите.

Урбана иновација

Паметните градови се иновативни до тој степен што си поставуваат задача да се обидат да создадат екосистем во кој иновациите што ги користат 4IR технологиите, вклучително и во градењето и зонирањето, да можат да напредуваат.

Партнерствата за соработка

Овие партнерства се дефинираат како меѓусебни кооперативни односи кои работат на создавање и правење активни екосистеми за ефективен развој на паметни градски услуги и инфраструктури. Партнерствата, теоретски, се корисни за градовите во поддршката за надминување на ограничувањето на буџетот и ресурсите, а засегнатите страни може да вклучуваат локални власти, истражувачки институции, приватни претпријатија, граѓани и други градови.

Паметно градско управување

Терминот „паметно управување со градот“ се однесува на организациски структури, каде што градовите обединуваат повеќе засегнати страни за да ги решат заедничките проблеми што се јавуваат при обезбедувањето услуги. Преку системите на управување, градските власти и нивните партнери за соработка споделуваат визија и проблеми што се јавуваат во целите, стратегиите и методите и се согласуваат за опсегот на управување и за средствата за донесување одлуки, како и за мерењето на проектите. социјални влијанија. Паметните шеми за управување ја поставуваат системската основа на која градовите ја промовираат својата дигитална трансформација.

Зелени општини Словенија – Slovenia Green[6]

Зелената шема на словенечкиот туризам **(GSST)** е алатка развиена на национално ниво и сертификациска програма која под брендот ЗЕЛЕН ЧАДОР НА СЛОВЕНИЈА (Slovenia green umbrella) ги извршува следниве задачи:

- Ги спојува сите напори насочени кон одржлив развој на туризмот во Словенија,
- Нуди алатки за дестинациите и провајдерите на услуги кои им овозможуваат да ги проценат и подобрат своите напори за одржливост
- Врши промоција преку брендот Словенија Грин.

Словенечкиот туристички одбор е сопственик и менаџер на Зелената шема на словенечкиот туризам, додека GoodPlace Sustainable Tourism Factory е акредитиран проектен партнер со лиценцата на глобалната алатка Green Destinations Standard[7]. Фондацијата Зелени дестинации е меѓународен партнер во проектот, чии стандарди се почитуваат при проценката на словенечките дестинации.
Зелената шема на словенечкиот туризам (GSST) беше развиена и започна со работа во 2015 година, кога првите пилот дестинации и туристички бизниси се приклучија на проектот. Оттогаш мрежата на одржливо ориентирани дестинации и провајдери на услуги се зголеми низ целата земја. Моментално, таа вклучува повеќе од 130 дестинации, сместувачки капацитети, национални паркови, туристички агенции, туристички знаменитости, ресторани и плажи. Словенечките градови активно се приклучуваат кон оваа шема, а резултатите се извонредни**.** И покрај тоа што се релативно мали, словенечките градови нудат мноштво културни, архитектонски и кулинарски искуства. Уште повеќе, нивните центри обично се наоѓаат само на неколку минути од зелените ливади и шумите. Интерактивниот спој на урбани и природни средини обезбедува одлична почетна точка за развивање на одржливи практики кои го подобруваат квалитетот на воздухот, ја намалуваат бучавата и обезбедуваат добро здравје и благосостојба на жителите. Бројни иновативни проекти во градовите го промовираат зелениот наратив на Словенија и привлекуваат зголемен број на посетители свесни за животната средина.

[6] https://www.slovenia-green.si/
[7] https://greendestinations-temp.org/

Зелени принципи на словенечките градови

Што е тоа што остава зелен печат на словенечките градови? На кои принципи се заснова GSST алатката

1. ***Мека мобилност (Soft mobility)***

За почист воздух и помалку сообраќајна бучава, словенечките градови развиваат мека мобилност. Со воведување на нови велосипедски патеки и пешачки патеки, затворање на градските центри за моторниот сообраќај и модернизација на јавниот патнички превоз, тие ги охрабруваат своите жители да користат еколошки средства за транспорт. Во последно време, системите за споделување на електрични автомобили стануваат сé попопуларни.

2. ***Локална храна (Local food)***

Снабдувањето со храна од локалните производители е од исклучителна важност во Словенија, а тоа не важи само за руралните области. Кратките растојанија помеѓу урбаните и руралните области им овозможуваат на жителите секој ден да уживаат во свежи органски производи од блиските фарми. Бидејќи зелените градови обезбедуваат бројни можности за урбано градинарство, многу жители одгледуваат сопствен зеленчук.

3. ***Зелени површини***

Една од главните предности на словенечките градови е богатството на зелените површини. Мноштвото паркови, шуми и природни речни брегови ги охрабруваат жителите и посетителите да го поминуваат активно слободното време, да го заштитат биодиверзитетот и да го намалат јаглеродниот отпечаток на градовите. Овие зелени површини се лесно достапни за граѓаните, растојанието од урбаните центри до зелената околина обично е само кратка прошетка.

4. ***Чиста животна средина***

Чистата средина е здрава средина. Различни проекти се спроведуваат во Словенија за да ги одржуваат словенечките градови чисти и подредени. Со заеднички напори на сите чинители, се намалува количеството генериран отпад, се наоѓаат нови начини за повторно користење на отпадот и ги заштитуваат скапоцените извори на вода за пиење.

Како резултат на сите овие напори и на сите спроведени проекти градот ***Љубљана*** е прогласен за – ***Европска зелена престолнина.***

Во 2016 година, Љубљана ја држеше ласкавата титула Европска зелена престолнина. Ова значи дека градот ги исполнува високите стандарди за заштита на животната средина, поставува високи цели за понатамошен одржлив развој и може да послужи како пример за другите градови. Шармантниот словенечки главен град е горд што спроведува голем број успешни зелени практики.

Париз, Франција - Најдобри практики комуникација со граѓаните

Париз се наоѓа помеѓу градовите коишто го имаат епитетот Smart city. Во него живеат повеќе од два милиони луѓе. Меѓутоа во поширокото градско урбано опкружување, живеат над 12 милиони жители, и со тоа овој регион е еден од најнаселените региони во Европа. Покрај тоа градот годишно го посетуваат повеќе од 45.000.000 туристи, со што е меѓу најпосетените туристички дестинации во светот. Да се оствари комуникација со граѓаните во вакви услови е огромен предизвик. Затоа етаблираните практики во толку големи градови се сметаат за докажани и испробани и без исклучок треба да се применат. Она што е интересно за овој град е начинот на којшто градската администрација комуницира со граѓаните. На иницијатива на градоначалничката Ан Хидалго (Anne Hidalgo), 2014 – денес, воведени се неколку нови иновативни начини на комуникација помеѓу градската администрација и граѓаните. Основна цел на оваа иницијатива било да се постигне зголемена вклученост на граѓаните во општинското функционирање. За да се оствари таа цел се преземени повеќе различни мерки: Маалски совети, Младински совети, Совети на париските студенти, форуми и др. Покрај тоа воведени се неколку Дигитални алатки: I engage – апликација за вклучување на граѓаните во активности на граѓански организации (волунтеризам) Fix my street – апликација за пријавување дупки или општетувања на улиците, Participatory budget – онлајн поднесување на идеи од граѓаните за реализација од општинскиот инвестициски фонд Dear Mayor, I have an idea (Madame la Maire, j'ai une idée[8]) – дигитална платформа за поднесување идеи од секаков вид.

Париз – алатки за комуникација со граѓани	
Dear Mayor, I have an idea (Madame la Maire, j'ai une idée)	
Вкупно алоцирани средства (2014-2020)	500 милиони ЕУР
Најпопуларен предлог со над 21.000 гласови	Креирање на 41 вертикални градини низ градот
Добиени предлози во 2014	Над 5000
Број на вклучени градски општини	20
Париз – алатки за комуникација со граѓани	

Табела 5. Париз – алатки за комуникација со граѓани

[8] https://api-site.paris.fr/images/84421

Сараево смарт иницијатива[9]

Кон крајот на 2018 година УНДП во БИХ во партнерство со Градот Сараево, Општината Стари Град и Кантонот Сараево ја покренуваат иницијативата Сараево Smart City која има за цел:

I. Стимулација на граѓаните да учествуваат во урбаниот развој на градот;
II. Пилот подобрување на јавните услуги базирани на напредни технологии;
III. Соработка помеѓу јавните приватните и граѓанските стекхолдери со цел реализација на градот на иднината.

Во периодот од 2019- 2020 година пилот иницијативата наишла на огромен интерес кај жителите, медиумите, приватниот сектор.
Оваа иницијатива го поддржала партиципативниот дизајн и спроведувањето на повеќе иновативни идеи, коишто придонесуваат за подобар, поздрав живот.
Иницијативата поттикнала создавање на неформална граѓанска структура - City Mind Lab – доброволна, самоорганизирана, мултидисциплинарна група на стручни лица, граѓани на Сараево, коишто се мозок кој стои зад иницијативата. City Mind Lab е основан во декември 2018 година а денес брои повеќе од 120 членови. City Mind Lab е поддржан од иницијативата Smart Sarajevo и одржува неформални состаноци на коишто се дискутира за следните чекори кон инклузивна иднина на Градот Сараево. На овој начин градоначалникот ги има на располагање 120 креативци кои волонтерски го поддржуваат и помагаат градот со нови идеи.

[9] https://smart.sarajevo.ba/bs/

Содржината на овој документ, неговата имплементација и резултатите од проектот се единствена одговорност на „Finance Think“, „Агора“, „Квантум Прима“ и „Лаг Агро Лидер“ и не ги одразуваат ставовите на Европската унија.